Оливер БАКРЕСКИ УДК: 355.45(497.2)

# КООРДИНАЦИЈА НА СИСТЕМОТ НА НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

***Кратка содржина***

*Република Бугарија е држава која го зазема источниот дел на Балканскиот Полуостров и се граничи со Романија, со Турција, со Србија, со Македонија и во еден дел излегува на Црното Море. Површината на бугарската територија изнесува 110.994 км$^2$, а бројот на жители во 2008 година изнесувал 7.204.689*[1]*. Бруто-домашниот производ во 2008 година изнесувал 49,430 милијарди УСД. Бруто-националниот производ по глава на жител за 2008 година изнесувал 13.200 УСД.*[2]

*Република Бугарија станала независна држава на 3 март 1878 година. До независноста била под Отоманската Империја. Од крајот на Втората светска војна егзистирала како Народна Република Бугарија и била членка на Варшавскиот договор под непосредно влијание на Советскиот Сојуз. По распаѓањето на Варшавскиот договор и на Советскиот Сојуз, Бугарија се определила за постепено, но трајно приближување кон европските и евроатлантските структури со цел потполна интеграција во овие структури.*

*Од 1991 година Република Бугарија е парламентарна демократска република на чие чело се наоѓа претседател. Власта е поделена на законодавна, на извршна и на судска. Законодавната власт ја има Народното собрание, чии 240 пратеници се избираат на четири години на непосредни избори. Извршната власт ѝ е доделена на Владата, односно на Советот на министри, на чие чело се наоѓа премиер, кој заедно со члeновите на Владата се избрани од Народното собрание. Судската власт ја врши Врховниот суд, административниот суд и други судски органи.*

*Бугарија е членка на повеќе регионални и меѓународни организации (ООН, ОБСЕ, Меѓународниот монетерен фонд, Светската здравствена организација, Интерпол и др.).*[3] *На Самитот во Прага во ноември 2002 година Република Бугарија доби покана да започне разговори за приклучување кон НАТО.*[4] *Комплетната процедура заврши во април 2004 година во Вашингтон кога Република Бугарија се стекна со статусот на полноправен член на НАТО. Бугарија ја претстави својата кандидатура за членство во Европската унија на 14 декември 1995 година.*[5] *Република Бугарија стана членка на ЕУ во 2007 година.*

---

1 https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/geos/bu.html#People 28/03/09

2 https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/geos/bu.html#Econ 28/03/09

3 Savić A., Delić M., Bajagić M., *Bezbednost sveta od tajnosti do javnosti*, Institut bezbednosti, Viša škola unutrašwih poslova, Policijska Akademija, Beograd, 2002, str. 389.

4 *Prague Summit Declaration*, issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Prague on 21 November 2002

5 „*Знания за Европейския съюз*", Център отворено образование, София, 1998, стр. 95.

## Политика на национална безбедност

Политиката на одбрана и безбедност е важна задача на секоја политичка платформа на секоја политичка партија во Република Бугарија. Таа произлегува од консензусот на национално ниво и се раководи од актите на Парламентот, но и на стратегиските документи како „Концепцијата за национална безбедност", „Националната воена стратегија", „Белата книга за одбрана", Стратегискиот одбранбен преглед и др.[6]

Како што е потенцирано во Белата книга за одбраната,[7] усвоена во 2002 година, политиката на безбедност и одбрана е инструмент за материјализирање на активната позиција на Република Бугарија на регионален, на европски и на глобален план. Тоа подразбира промени во стратегиската динамика на процесите во политичката, во економската, во воената, во социјалната и во информационата сфера и јасна диференцираност на глобален план.

Ова подразбира дека бугарското општество треба да обезбеди висок степен на национална безбедност како национален приоритет, без кој е невозможно да се достигнат други национални интереси и приоритети, како што се: граѓанските и човековите права. Во исто време, не е возможно да се постигне општествен просперитет ако не постојат гаранции за приватната сопственост. Не случајно постои корелација помеѓу демократијата и просперитетот: колку повеќе едно општество, неговите граѓани и институции се чувствуваат сигурни, толку е по-просперитетно и демократско. Оттука, постигнување чувство за безбедност е фундаментална задача на бугарската држава.

Во новата безбедносна средина државните институции треба да одговорат адекватно на променетата природа на внатрешните и на надворешните извори на закани, ризици и предизвици. Така, во контекстот на намалена веројатност за воен конфликт помеѓу државите, Република Бугарија сè повеќе и повеќе го согледува организираниот криминал, трговијата со дрога, тргувањето со луѓе, перењето пари и економскиот криминал како главна закана по нејзината безбедност. Другите големи предизвици за безбедноста и одбраната на Република Бугарија се поврзани со меѓународниот тероризам, распространетата употреба на оружје за масовно уништување, нестабилноста на демократските процеси во конфликтните региони, нелегалната трговија со стратегиски суровини, наркотици и луѓе, економска нестабилност, еколошките катастрофи и др.[8]

---

6 *Прозрачност при управлението на отбранителните доставки*, под редакцията на Т.Тагарев. Сдружение "Джордж С.Маршал – България. София, 2003, 13.

7 *Бяла книга за отбраната*, Министерство за отбраната на Република България, София, 2002, 11.

8 Стратегически преглед на отбраната, Министерството на отбраната, 2004 (Види: http://www.md.government.bg/bg/strateg.html 27/02/2006)

Придонесот кон регионалната безбедност и обезбедување на меѓународниот правен поредок, се составен дел на активната надворешна политика на Република Бугарија и ваквата политика ѝ овозможува да биде третирана како активен сојузник и партнер при споделувањето на одговорностите за обезбедување на меѓународната безбедност и колективната одбрана. Во тој контекст, Република Бугарија активно придонесува за зајакнување на безбедноста и стабилноста во ЈИЕ и за ширењето на демократските вредности, што значи дека државата ќе продолжи да ја следи стабилизирачката политика кон нејзините соседи; таа ќе ги охрабрува нивните евроатлански напори и ќе продолжи во придонесувањето на зајакнување на безбедноста и развивањето на соработката со Југоисточна Европа.[9]

Членството во НАТО од една страна има позитивно влијание врз безбедноста на Република Бугарија, но од друга страна, тоа бара развивање на адекватни сопствени воени способности со кои ќе се придонесува за постигнување на целите и на задачите на организацијата. За да го исполни тоа, Република Бугарија треба да издржува вооружени сили кои треба да бидат подготвени за: заштита на суверенитетот, безбедноста, независноста и територијалниот интегритет; обезбедување способности за потребите на НАТО во согласност со националните ангажмани; исполнување на барањата на Република Бугарија кон ЕУ; потпомагање на принципите на ООН и на ОБСЕ; исполнување на обврските на Бугарија за одржување на меѓународниот мир, безбедност и стабилност, помагање на населението при природни непогоди, хаварии и терористички акти, како и национално учество во меѓународни хуманитарни дејства како помош на други држави.[10]

## Институции за управување со одбраната

Уставот на Република Бугарија ја воспоставува генералната рамка на меѓузависноста помеѓу институциите во безбедносниот сектор. Тој ги дефинира основните принципи што се однесуваат на безбедноста и на одбраната, како и функциите, должностите и овластувањата на сите национални институции.

Според Уставот на Република Бугарија, претседателот, Народното собрание и Советот на министри ја имаат одговорноста во врска со националната безбедност.

---

[9] *The Bulgarian-American Relations: The Way Ahead*, US-Bulgarian Conference, September 19, published by the Atlantic Club of Bulgaria, Sofia, 2003, p. 6

[10] *Стратегически преглед на отбраната*. Министерството на отбраната, 2004. 11 (Vidi: http://www.md.government.bg/bg/strateg.html

**Претседателот** на Република Бугарија е шеф на државата и тој го олицетворува единството на нацијата и ја претставува државата во меѓународните односи. Претседателот на Републиката заедно со потпретседателот се избираат на пет години со право на уште еден реизбор.[11] Претседателот на Бугарија има голем број овластувања што му ги дава во надлежност Уставот. Претседателот на Републиката особено ги врши следните работи: формално распишува избори за Народното собрание и за локалните претставнички тела; распишува референдум кога за тоа има решение од Народното собрание; потпишува меѓународни договори кога е тоа уредено со закон; прогласува закони (ги потпишува сите закони донесени од Парламентот пред нивно објавување во државниот (службен) весник; формално на предлог на Советот на министри одредува граници на територијалните единици; назначува и отповикува амбасадори на предлог на Советот на министри; прима акредитивни и отповикувачки писма, но и акредитирани странски амбасадори; доделува одликувања; одлучува за државјанство и азил; доделува помилувања итн.

На наведените работи на претседателот на Бугарија треба да му се додадат и група овластувања што се поврзани со Народното собрание и со Советот на министри. Тоа се: распуштање на Собранието, правото на суспензивно вето, обраќање на народот и на Собранието, информирање на Собранието за основните проблеми во врска со неговите надлежности, предлага измени на Уставот и дава предлог за избор на првиот министер.[12]

Во областа на националната одбрана, претседателот на Република Бугарија има широки овластувања. Тој го остварува врховното командување со вооружените сили и назначува и разрешува висок команден кадар на вооружените сили. Законот за одбрана и вооружени сили регулираат и други функции на претседателот поврзани со одбраната и со вооружените сили, вклучувајќи и одобрување на сите стратегиски планови на земјата, формално (на предлог на Владата) прогласува мобилизација; прогласува воена и вонредна состојба кога Собранието не е во можност да заседава; организира сопствени стручни служби итн. Во случај на криза или на војна, претседателот ги координира напорите на меѓународните организации и на безбедносниот сектор насочени кон прекин на насилствата или разрешување на кризите; тој раководи со Врховната воена команда, издава наредби за воени подготовки и за водење војна, извршува воени планови

---

[11] Бугарија е единствената држава во Европа која покрај претседател има и потпретседател. Постоењето на оваа институција не е својствена за ниту една варијанта на парламентарниот систем на власта, туку само за претседателските системи.

[12] Пошироко види: Кутлетић В., *Организација власти-упоредна студија устава бивших социјалистичких држава Европе*, Службени лист СРЈ, Београд, 2002, стр. 112.

на предлог на Советот на министри. Претседателот според соодветен декрет под своја власт ги има националната разузнавачка служба и националната служба за ВИП заштита и може да формира консултативни (советодавни) тела. Негов претставник во негово име или лично тој учествува на состаноците на Советот за безбедност при Советот на министри. Претседателот може да му се обрати на Парламентот (на пленарни седници) и на граѓаните (преку националните медиуми).

Според Уставот, Претседателот претседава со Консултативниот совет за национална безбедност. Неговиот статус е дефиниран со закон. Советот игра позитивна улога во градењето консензус помеѓу државните институции и во формулирањето на надворешната и на внатрешната политика како одговор на меѓународните или на домашните кризи. Земјите во транзиција, на кои им недостига цврст институционален скелет, сметаат дека е позитивно да имаат вакви советодавни тела.

**Народното собрание** на Бугарија е носител на законодавната власт и ја остварува парламентарната контрола. Народното собрание брои 240 пратеници и тие имаат мандат од четири години. Надлежноста на Народното собрание според Уставот е одредена на начелно ниво и со конкретни наведени работи. Така, Народното собрание ги извршува следните работи: одлучува за распишување референдум, одлучува за одредени промени на Уставот и донесува закони, усвојува буџет и пропишува даноци и такси, распишува избори за претседател на Бугарија, избира и разрешува премиер (и на негов предлог го менува составот на министри), дава согласност за склучување договори за државни заеми, избира гувернер на Народната банка и други функционери одредени со закон, ратификува и откажува меѓународни договори итн.

Народното собрание како државна законодавна власт, ја формира целата политика за заштита на националната безбедност преку соодветните законски акти и преку усвојување конкретни закони од оваа област. Користејќи ги механизмите на парламентарен надзор, Собранието практикува контрола над извршната власт за функции поврзани со националната безбедност. Понатаму, преку законодавниот процес, Народното собрание избира лица на одредени клучни позиции кои имаат моќ во сферата на националната безбедност и одбрана.

Конкретно, во областа на националната одбрана, Народното собрание ги има следните надлежности: одлучува за војната и мирот; одобрува воени распоредувања во други држави или распоредување странски сили на својата територија; прогласува воена или вонредна состојба на предлог на претседателот или на Советот на министри; го одобрува буџетот за одбрана; ратификува или

критикува меѓународни повелби кои се од политичка или од воена природа и кои се однесуваат на учеството на Бугарија во меѓународни организации и кои предвидуваат модификација на националните граници. Собранието, исто така, ги усвојува стратегиските документи за одбрана и долгорочните програми за развој на вооружените сили; ја одредува бројчаната сила на вооружените сили на предлог на Советот на министри и практикува цивилна контрола над активностите за одбрана и на вооружените сили, како што е пропишано со Уставот.

**Бугарската влада** се нарекува Совет на министри, термин што се среќава во компаративната практика, со често користење на терминот влада. Советот на министри се состои од првиот министер, заменик на првиот министер и министри. Министрите според Уставот, по правило, раководат со министерствата, но при изборот може да бидат избрани и министри без ресор т.е. оние членови на Советот кои не раководат со одредени министерства туку извршуваат други работи.

Положбата и надлежностите на Советот на министри се одредени со Уставот само на начелен начин и со неколку кратки и воопштени одредби. Со нив, предвидено е Советот на министри да раководи со спроведување на внатрешната и на надворешната политика; да ги извршува законите, да усвојува уредби, наредби и резолуции; да ја насочува работата на државната администрација; да управува со користењето на државниот буџет и државните долгови, да потврдува и да откажува меѓународни договори кога е овластен со закон; укинува незаконски и нецелисходен акт на министрите.

Моќната улога на Советот на министри во одбраната и безбедноста е експлицитно поставена во член 105 од Уставот според кој на Советот на министри му се доверува правото на гарантирање на општествениот поредок и осигурување на националната безбедност, како и раководење со вооружените сили. Функциите на Советот на министри во одбраната и безбедноста се специфицирани во Законот за одбрана и вооружени сили.

Според Законот за одбрана и вооружени сили, главната прерогатива на Советот на министри вклучува:

- *Планирање на одбранбената и на безбедносната политика.* Ова подразбира водење на државната одбранбена политика; управување и координирање на одбранбеното планирање; утврдување на начини за престој на странски трупи на територијата на државата; предлози за испраќањето и употребата на вооружени сили надвор од државните граници; одобрување планови за развој на вооружените сили.
- *Управување и одржување на одбраната.* Ова значи обезбедување транспорт, енергија и комуникациски системски стандарди за да ги задоволат

одбранбените потреби; управување и контрола на производството и трговијата со оружје и опрема.

- *Планирање за време на војна.* Советот на министри преку Министерството за одбрана, одобрува генерален државен план за време на војната; преку Министерството за финансии, поднесува предлог на буџет во услови на војна до Народното собрание; понатаму Советот на министри одобрува правила и процедури за создавање државни резерви за време на војна; одобрува планови за мобилизација и територијални одбранбени планови; извршува мобилизација на вооружените сили и подготовка за премин од состојба на мир во состојба на војна.
- *Управување со кризи.* Ова значи менаџирање кризи со што треба да се надминат одредени состојби со кои се соочува државата. *Управување на човековите ресурси.* Ова вклучува одобрување на бројот на мажите и жените во службите од секој ранг; давање предлози до Претседателот за да ја назначи и да ја отпушти високата команда на вооружените сили итн.

Советот на министри следствено на наметнатите обврски во областа на одбраната преку Годишен извештај на Народното собрание му укажува и прави процена за нивото на заштита на националните интереси. Во тој контекст, Советот на министри ги распределува ресурсите на земјата за подигање на нивото на заштита на националните интереси. Во таа насока министрите и институциите во рамките на нивните компетенции развиваат и реализираат стратегии и програми за најефикасна употреба на политичките, на воените и на економските ресурси на земјата.

Од ова произлегува дека во областа на националната безбедност, Советот на министри ја има примарната одговорност. Во остварување на одбранбените и на безбедносните функции, Советот на министри е помогнат од *Советот за безбедност.* Советот за безбедност во основа се грижи за остварување заштита на националните интереси на Република Бугарија. Во неговата работа учествуваат: премиерот, министрите за надворешни работи, за одбрана, за внатрешни работи, нивните заменици, началникот на Генералштабот на бугарската армија и шефот на разузнавачката и контраразузнавачката служба. Претседателот лично или преку неговиот претставник може секогаш да учествува во работата на Советот и во секое време може да бара информација од него.

Советот за безбедност на Република Бугарија ги извршува следните работи: прибира, анализира и прави извештаи од сите тековни информации за за-

грозувањата на националната безбедност и дава професионална оценка и прогноза за динамиката на опасностите; планира конкретни мерки за неутрализирање на опасностите и предлага решенија во услови на криза; ги координира плановите на специјалните органи за добивање информации и дава согласност за распределувањето на ресурсите; изготвува и му предлага на Советот на министри, Годишен извештај за национална безбедност.

Советот за безбедност обезбедува информации, еднакви по големина и содржина, до претседателот на Републиката, до претседателот на Народното собрание и до премиерот.

## Координација на безбедносниот сектор

Остварувањето координација во безбедносниот сектор е едно од клучните прашања во Република Бугарија. Секторот за безбедност ги вклучува Парламентот и неговите специјализирани комисии, премиерот, претседателот, Министерството за надворешни работи, Министерството за одбрана, Државната агенција „Граѓанска заштита", Министерството за внатрешни работи, специјализираните служби, Министерството за правосудство, како и елементи од Министерството за финансии и други министерства.[13]

Во Република Бугарија еден вид координација се остварува во рамките на Консултативниот совет за национална безбедност при претседателот на Република Бугарија. Овој Совет е формиран во 1990 година како консултативно тело на претседателот на Републиката за прашања од областа на одбраната и безбедноста, а во неговиот состав влегуваат претседателот на Републиката, премиерот, министрите за одбрана, за надворешни работи, за внатрешни работи, економија и планирање, како и началникот на Генералштабот. Консултативниот совет за национална безбедност при претседателот игра позитивна улога во областа на политичките консултации за прашања од областа на безбедноста, но е без директна моќ да ја измени ситуацијата и да има оперативна улога. И покрај тоа, Консултативниот совет за национална одбрана при претседателот на Републиката е ефикасен инструмент за координација и консултации на највисоко можно ниво помеѓу законодавната и извршната власт.

Според бугарскиот Устав, Советот на министри е задолжен да го обезбеди јавниот ред и националната безбедност на целата територија. Оваа должност ѝ

---

[13] *Прозрачност при управлението на отбранителните доставки*, под редакцията на Т.Тагарев, Сдружение "Джордж С.Маршал V България, София, 2003, 13.

се препушта на Владата, бидејќи таа ја има егзекутивната власт и носи политичка одговорност пред електоратот. Бидејќи безбедносниот сектор и самата одбрана се одговорност на премиерот и на Владата во целина, координацијата меѓу владините агенции е основна.

Освен Владата која според Уставот е главното извршно координативно тело, друго централно координирачко тело и елемент на моќ е Советот за безбедност при премиерот, формиран со декрет на Владата според одредбите на Концептот за национална безбедност. Една од функциите на Советот за безбедност при премиерот е обезбедување координација помеѓу релевантните сектори и служби поврзани со националната безбедност. Советот за безбедност до пред донесувањето на Законот за управување со кризи не беше ефикасен механизам, но со донесување на Законот[14] се воведени јасни одредби за премиерот и за неговиот Совет за безбедност во областа на координацијата. Така, според Законот за управување со кризи, Советот за безбедност меѓу другото има задача да му помага на Советот на министри при планирање и контрола на дејствувањето на извршната власт, на физичките и на координирачките лица во процесот на управување со кризи, но го координира и процесот на управување.

Прашањето за координацијата на безбедносната заедница на Република Бугарија се реши со формирањето на Националниот центар за управување со кризи кој ја има главната улога за остварување на координацијата. Неговата единствена структура и менаџмент придонесуваат за надминување одредени негативни процеси и значително придонесуваат за зголемување на ефикасноста на системот на национална безбедност.

Во конкретен случај на криза со цел да се обезбеди поголема координација во Законот за управување со кризи предвидено е формирање Национален кризен штаб кој треба да се формира на предлог на Советот за безбедност. Неговата главна задача е да го организира и да го координира дејствувањето на министрите, да ја насочува работата на администрацијата и на регионалните управувачи итн.[15]

Актуелен предизвик во областа на администрацијата е воспоставеното Интегрирано министерство за одбрана и Интегрирано министерство за внатрешни работи.[16] Тој интегриран модел гарантира отчетност и одговорност, дозволува

---

[14] Velizar Shalamanov, *Security Sector Reform Does It Work?: Problems of Civil-Military and Inter-Agency Cooperation in the Security Sector*, Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Forces and Gorge C. Marshall – Bulgaria, Sofia, 2003, p.87.

[15] Види: *Законопроектът за управление при кризи на Република България.*

[16] V. Shalamanov, B. Tashev and S.Conkov, *Model of Defence Management of Republic of Bulgaria in the 21st Century*, Research Report – Open Society Foundation / George C. Marshall Association, Sofia, 2002, p.25.

постигнување висока ефективност, ефикасност и општествена поддршка за управување.[17] Тоа налага целосно оптимализирање на ресурсното управување, на база на точно распоредување на функциите, структурите и осигурувањето со воспоставување ефикасен механизам за заемна поддршка и координација.[18]

Според анализата на политичката рамка објективна е тенденцијата за префрлање повеќе одговорности од Министерството за одбрана кон Министерството за внатрешни работи, а од Министерството за внатрешни работи кон администрацијата (централна и локална) со засилена улога на цивилниот сектор за безбедност на Министерскиот совет, со широко учество на Парламентот и поголема одговорност на премиерот и на Советот за безбедност.

(Рецензент: *доц. д-р Тони Милески*)

---

[17] *Прозрачност при управлението на отбранителните доставки*, под редакцията на Т.Тагарев, Сдружение Джордж С.Маршал V Блгария, София, 2003, 24.

[18] Анализ на „*Политическата Рамка*“ и „*Изводите и насоките за планиране*“ по Стратегическия преглед на отбраната и препоръ и за работата на групите по прегледа, Институт за Евроатлантическа сигурност, 2003, 29.

## ЛИТЕРАТУРА

*Defence and Security Sector Governance and Reform in South East Europe: Insights and Perspectives, Albania, Bulgaria, Croatia, Volume I,* Fluri, Philipp H., Trapans, Jan A., (eds.), Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Forces, Geneva/Belgrade, 2003

Савић А., Делић М., Бајагић М., *Безбедност света од тајности до јавности*, Институт безбедности, Виша школа унутрашњих послова, Полицијска Академија, Београд, 2002

*Законопроектът за управление при кризи на Република България.*

V. Shalamanov, B. Tashev and S.Conkov, *Model of Defence Management of Republic of Bulgaria in the 21st Century*, Research Report – Open Society Foundation / George C. Marshall Association, Sofia, 2002

*Прозрачност при управлението на отбранителните доставки*, под редакцията на Т.Тагарев, Сдружение "Джордж С.Маршал V България, София, 2003

Анализ на „*Политическата Рамка*" и „*Изводите и насоките за планиране*" по *Стратегически преглед на отбраната* и препорка и за работата на групите по прегледа, Институт за Евроатлантическа сигурност, 2003

Velizar Shalamanov, *Security Sector Reform Does It Work?: Problems of Civil-Military and Inter-Agency Cooperation in the Security Sector*, Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Forces and Gorge C. Marshall – Bulgaria, Sofia, 2003

*Стратегически преглед на отбраната*, Министерството на отбраната, 2004

Кутлетић В., *Организација власти-упоредна студија устава бивших социјалистичких држава Европе*, Службени лист СРЈ, Београд, 2002

*Бяла книга за отбраната*, Министерство за отбраната на Република България, София, 2002

*The Bulgarian-American Relations: The Way Ahead*, US-Bulgarian Conference, September 19, published by the Atlantic Club of Bulgaria, Sofia, 2003

*Prague Summit Declaration*, issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Prague on 21 November 2002

*Знания за Европейския съюз*", Център отворено образование, София, 1998

http://www.md.government.bg/bg/strateg.html

https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/geos/bu.html#People

https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/geos/bu.html#Econ

Oliver BAKRESKI

# COORDINATION OF THE NATIONAL SECURITY SYSTEM OF THE REPUBLIC OF BULGARIA

**Resume**

Attaining coordination in the security sector is one of the key issues in the Republic of Bulgaria. It emerges from the interdependence of components of the institutions and of the extent of interdependence of people in the very institutions and bodies. Thus, coordination is the key element in the work of different public order services and security and intelligence services. Lack of coordination often leads to duplication of activities and the greatest risk is the probability for misinformation of state institutions for issues concerning national security. Practice in the Republic of Bulgaria shows that the coordination function is more successful where there are modern subjects with experience, where the activities are executed according to certain plans, and previously determined schedule. Contrary, at subjects without experience, coordination function is more difficult, inconsistent and with no viable results.

**Key words:** FRANCE, DEFENCE POLICY, DEFENCE INSTITUTIONS, COORDINATION, CONTROL.